УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
ФАКУЛТЕТ ЗА УЧИТЕЛИ И ВОСПИТУВАЧИ - БИТОЛА

# БИТОЛА НИЗ ВЕКОВИТЕ

## II

БИТОЛА, 1999 год.

УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“
ФАКУЛТЕТ ЗА УЧИТЕЛИ И ВОСПИТУВАЧИ-БИТОЛА

# *БИТОЛА НИЗ ВЕКОВИТЕ*

## *II*

## *БИТОЛА ВО XII И XIII ВЕК*

UNIVERSITY "St. KLIMENT OHRIDSKI"
FAKULTET ZA UČITELI I VOSPITUVAČI-BITOLA

# BITOLA THROUGH CENTURY

## II
## BITOLA IN THE XII AND XIII CENTURY

BITOLA, 1999

**УНИВЕРЗИТЕТ „Св. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“**
**ФАКУЛТЕТ ЗА УЧИТЕЛИ И ВОСПИТУВАЧИ-БИТОЛА**

# БИТОЛА НИЗ ВЕКОВИТЕ

## II

## БИТОЛА ВО XII И XIII ВЕК

**БИТОЛА, 1999 год.**

**Издавач:**
Факултет за учители и воспитувачи-Битола

Библиотека: *Историски теми*

**За издавачот**
Д-р Божидар МАСЛИНКОВ, декан

**Редакција:**
Д-р Александар СТЕРЈОВСКИ, одговорен уредник
Д-р Драган ЈАНКОСКИ
Д-р Златко ЖОГЛЕВ

**Рецензенти:**
Д-р Павле МИТРЕСКИ
Д-р Вецко СОВРЕСКИ

CIP - Каталогизација во публикација, Матична и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Битола.

911.375 (497.17 Битола) : 93"11/12" (063)

ЈАВНА трибина "Битола во XII и XIII век" (1999; Битола)
Битола низ вековите. 2, Битола во XII и XIII век / [одговорен уредник Александар Стерјовски; превод на англиски Снежана Обедниковска]. - Битола : Факултет за учители и воспитувачи, 1999. - 61 стр.; 24 см.-
(Библиотека Историски теми)

На наспор. насл. стр.: Bitola through century. II, Bitola in the XII and XIII century. - Тираж 300. - Библиографија и summaries кон трудовите. - Фусноти кон текстот.
1. Гл. ств. насл. 2. Стерјовски, Александар
а) Битола - Историја - 12-13 в.

**COBISS-ID 7721793**

Според мислењето на Министерството за култура на Р. Македонија бр. од 1999 год., за списаниево се плаќа повластена даночна стапка.
Изданието се печати со финансиско учество на Министерството за наука на Р. Македонија

# МЕСТО ВОВЕД

Ноедамна, попрецизно за време одржувањето на научната средба **Битола и Ататурк** (12-13 октомври 1998 г.) во организација на Универзитетот „Св. Кл. Охридски“ од Битола и „Гази универзитетот“ од Анкара, ми пријде член на турската делегација, доцент на еден од неколкуте анкарски универзитети, се претстави и спомна дека до мене е упатен од други, како кон човек што се занимава со минатото на Битола. Објасни дека пишува книга за Битола, конкретно за еден сегмент од нејзината историја, за протестанската школа и замоли помош. За темава го поттикнал дневникот на директорот на Школата од крајот на минатиот и почетокот на овој век, кого го пронашол во Америка за време студискиот престој. Во поширокиот разговор призна дека помалку е окупиран со Битола и дека, според него, таа во минатото многупати била епицентар на значајни настани и дека без неа и не може да се реконструира никако македонската османска историја.

Се дружевме потоа уште неколку дена и на заминување, пред срдечниот поздрав пред хотелот „Епинал“ каде беше сместена турската делегација и каде се одржуваше научната средба, погледна наоколу со тажен збогувачки поглед и рече: **„Освоен сум, се вљубив во Битола!**“.

Случајов го раскажувам со намера. Цел ми е да подвлечам две битни особини од биографијата на нашиот град: нејзиното

богато и многу значајно минато и нејзината магнетност. И навистина, погледнете во македонската историја од османскиот период, сè се проектира и сè прекршува преку Битола. Битола има и своја душа и тоа е токму оној магнет што ги врзува за себе и туѓинците и битолчани, битолчани и по раѓање и доселеници. Дека е така не потврдуваат ли бројните песни испеани за неа како за ниту еден друг град на Балканот?!

Битолчани сакаат да го откриваат нејзиното минато и целта на оваа јавна трибина, која станува веќе традиционална, е токму таа, да одговори барем на некои од бројните прашања од долгата и бурна историја и да ја засити барем малку таа жед. Откривајќи ја, пак, на тој начин, се откриваме и самите себе си и во тој однос придонесот на Факултетот за учители и воспитувачи е голем.

Минатата година говоревме за X и XI век, оваа за следните два века, XII и XIII. Догодина, на истото ова место и на истиот овој датум, 3 ноември, ќе говориме за следните два, XIV и XV век.

Пред да му дадам збор на првиот учесник, замолен сум да ја промовирам првата мапа на Битола што ја изработи нашиот сограѓанин, познатиот ликовен уметник Марјан Малбашиќ со своите соработници. Тој обработи со современа техника два акварела од Англичанецот Едвард Лир кој Битола ја посети во далечната 1848 год., кога ги направи истите и кога напиша толку убави нешта за нашиот град. Благодарејќи нему, го имаме погледот на Црн Мост и на неговата околина и на дел од Безистенот и Исак џамија. Останатите три слики се од поново време, но и тие го доловуваат стариот градски амбинет. Мапава се разбира, многу речито ја дополнува денешнава средба.

Со желба ваквите мапи да станат практика кај нас, на Малбашиќ и на неговите соработници им сакаме успех и желба нивната мапа да се најде во поголемиот број битолски домови и институции.

Денес на јавната трибина ќе настапат петмина научни работници. На крајот д-р Златко Жоглев ќе го промовира зборникот „Битола во X и XI век“.

*Александар Стерјовски*

## РЕЧ НА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ

Почитувани сограѓани,

Нема попријатно чувство за градоначалник од она кога ќе се најде во прилика заедно со своите сограѓани да ја открива и доживува биографијата на својот град, особено, пак, ако тоа откривање се однесува на најскриениот и најтемниот слој. Се разбира оваа и ваквите средби се и можности кога се даваат одговори од посебно значење, кога доаѓаме до сознанија за самите себе, меѓу другото и за: зошто сме поинакви од другите во начинот на размислувањата и односите, зошто сме верски и национално потолерентни, зошто имаме изразен афиниет кон убавото, кон зборот, звукот, бојата, кон облеката или начинот на градењето на нашите живеалишта и објекти за работа, што нè гони толку силно во желбата да ѕирнеме или отпловуваме во други, туѓи светови, зошто Илинден и НОБ токму на ова тло фатија најдлабоки корења, зошто Битола е најопеаниот град, зошто е најградскиот град и полно уште зошто.

Се надевам на овие и на уште многу прашања ќе се дадат одговори ако не сега, во секој случај во некоја друга, ваква јавна трибина, која станува и традиционална.

Во ваше и во мое име за пријатнава средба му изразувам благодарност на организаторот, Факултетот за учители и воспитувачи од Битола, а на учесниците им посакувам успешна работа и изразувам надеж дека секогаш вака ќе го привлекуваат вниманието на своите сограѓани со интересни и провокативни теми.

3.11.1998 Силјан Мицевски, градоначалник

Гордана ФИЛИПОВСКА ЛАЗАРОВСКА

# АРХЕОЛОШКИТЕ НАОДИ ОД БИТОЛА И БИТОЛСКО ВО XII И XIII ВЕК

Скромно светкаат малубројните археолошки наоди како и историските податоци од темнината на собитијата кои се случувале во текот на XII и XIII век, на територијата на Битола, Битолско и пошироко во Македонија. Ќе се обидам, да ги осветлам и образложам позначајните историски прилики и археолошки наоди од тој период.

Положбата на Македонија во однос на XI век, кога македонскиот народ во два наврати (Востанието на Петар Дељан и Ѓорѓи Војтех) се обидел да ја обнови својата држава, во XII век особено во времето на византиските цареви од династијата Комнини, Алексие I (1081 - 1118), Јован II (1118-1143) и Маноил I (1143-1180), се смирила. Тоа е времето на „златната епоха на династијата Комнини“. Еден од нив, Маноил I во неколку наврати преземал воени дејствија на север на Балканот, против Србите и Унгарија. Тогаш тој во годините од 1149 - 1156 година, повеќе пати престојувал во Битола и Пелагонија како регион.[1] Централната власт на византиската држава, кон крајот на XII век слабее, разнишана од борбите околу престолот меѓу династиите Комнини и Ангели. Кон слабеењето на државата се при-

1 Византиски извори за историју народа Југославије, том IV, Београд 1971, 46, 128, бел. 57, 149

дружиле и двете навлегувања на Норманите низ Македонија. А како врв на сето тоа било забрзаното растење на феудалните имоти. Феудалците, чувствувајќи се богати и силни, гледале да станат помалку зависни од централната власт, а некои и да се ослободат од неа.

Ваквата положба условила востание под водство на браќата Петар и Асен, кое било зародиш на обновеното Второ бугарско царство. Под водство на Стефан Немања поставени се темелите на српската средновековна држава.

И во Македонија кон крајот на XII и почетокот на XIII век на два пати бил направен обид за ослободување, односно осамостојување од Византија и формирање на држава. Во 1185 година, феудалецот Добромир Хрс се одметнал и се прогласил за самостоен владетел на земјите околу Струмица и Просек. Седиште на државата била тврдината Просек, која тој ја обновил. Битола и Пелагонија,[2] кратко време влегуваат во границите на неговата држава, која се простирала до Тесалија и Стара Грција. Обидот за самостојна држава набрзо пропаднал. По 1202 г. името на Добромир Хрс не се споменува во историските извори.

Под ударот на Четвртата крстоносна војна во 1204 година се распаднала византиската држава. Во соседството на Македонија израснале две нови држави: Епирското деспотоство-остаток од Византија и Солунското латинско кралство. Бројот на претендентите за власт во Македонија се зголемил.

Користејќи ги настанатите прилики, феудалецот Стрез се прогласил за самостоен владетел со седиште во Просек. Владеел на север до Скопје на југ до Солун (без градот), на југозапад до Охрид и на североисток до Струма. Желбата за проширување на државата му била запрена во Пелагонија[3] во 1212 година, каде неговата војска била наполно разбиена од страна на Епирците. Честото менување на сојузниците придонесло една ноќ во 1214 г. да биде убиен.

2 Георгие Острогорски, Историја Византије, Београд 1959, 385

3 Византиски извори, том IV,

По овој неуспешен обид, повеќе од десет пати се менувале господарите на Македонија, некогаш заземајќи ја целата нејзина територија, а некогаш само некои нејзини делови. Во границите на обновената византиска држава на Михајло VIII Палеолог влегува во 1261 г. во чии рамки останува до крајот на XIII и почетокот на XIV в.

Од досега искажаното доаѓаме до размисла која била причината за неуспешните обиди за формирањето на самостојна држава во тоа време во Македонија. Најверојатно тоа се должело на централната местоположба којашто ја заземала на Балканскиот Полуостров како и на големите завојувачки апетити (желби) на соседните држави.

Уште еднаш да се напомене дека археолошките наоди се мошне вреден културно-историски материјал кој служи за доказ на историските настани. На нашето подрачје таквите наоди не се многубројни, но тие се неми сведоци на историските собитија кои се случиле.

Дел од збирката на рефератот за средновековна археологија во Заводот за заштита на спомениците на културата, природните реткости, музеј и галерија - Битола се парите, т.н. монетите, односно нумизматичкиот материјал кој припаѓа на XII и XIII век. Потекнуваат од археолошките наоѓалишта пошироко на просторот на поранешната Општина Битола и од градот Битола.[4] Почесто тие се случајни и поединечни наоди при обработка на земјата, а често тие се дел од депоите - остави на закопани, односно скриени пари. Несигурните времиња ги натерале луѓето да ги закопаат со една мисла да ги сочуваат за некои подобри времиња. Оставата од с. Рамна е досега најмногубројна. Таа брои повеќе од 9000 монети датирани во XII и XIII век.[5]

4 Остави на чанкасти монети од с. Совиќ, с. Живојно локалитет “САА“ тубма, кај новата болница во Битола, непознат локалитет во околината на Битола, кај месноста „Буков дел“.

5 М-р Томе Јанакиевски, Остава на доцновизантиски монети од локалитетот „Рамненска Грмада“ с. Рамна - Битола, Прилози 26-27, Битола 1977, 209-212

За монетите од XII век, карактеристично е тоа што тие се византиски. т.н. скифати или чанкасти, односно тие се вдлабнати во вид на пањче. Предната (аверсната) страна на монетата е секогаш на испакнатата страна каде што се претставени ликовите на Исус Христос или на Богородица. На задната (реверсната) страна во вдлабнатинката секогаш е претставуван ликот на императорот.

Затоа, пак, монетите од XIII век, се, всушност, прековувани византиски монети од XII век. Тие биле прековувани во ковниците на владетелите на новосоздадените самостојни држави отцепени од Византија. По урнекот на византиските монети од XII век биле ковани и т.н. бугарски имитации за потребите на Второто бугарско царство, а латинските имитации во ковниците на латинските цареви во Никеја, Константинопол и во Солун. По примерот на византиските монети биле ковани и монетите во Епирското Деспотство, како и во времето на Михајло VIII Палеолог, кога Византија повторно претставува медитеранска сила.

По трагедијата на Константинопол и Византија, најмногу профитирала Венецијанската држава. Таа ги наследила трговските пазаришта на Медитеранот и на Балканот. Сребрените монети на Венецијанската Република се чест наод во нашите краеви, како, на пример, монетите од дуждот Марко Маросини (1249 - 1259) сѐ до дуждот Ѓовани Дандоло (1280-1289). По примерот на венецијанските монети, владетелите на српската држава ги ковале првите монети. Тие биле едноставни сребрени пари само со една вредност, а таа вредност во западните земји била нарекувана грош или динар. Служеле само за надворешна трговија, а во нашата збирка ги има најмалку.

На локалитетот Кале,[6] сместен на импозантна доминанта, на ридот северозападно од Битола, на надморска височина од

6 Г. Филиповска, П. Србиновски, Преглед на археолошките истражувања на средновековниот период во Битола 1980-1981 година, Зборник на трудови 2-3, 1980/81, Битола, 111-117

862 м., извршените сондажни археолошки истражувања ни обелоденија скромни наоди од XII и XIII век. Тоа се фрагменти од керамички садови кои се употребувале во домаќинството. Припаѓаат на садови-грнци со една или две рачки. Сочуваните фрагменти се делови од тракасти рачки кои се украсени со длабнатинки косо распределени во вид на рибина коска. Другиот фрагмент има четири, скоро кружни вдлабнатинки, втиснати во почетокот на рачката. Бојата на печатење е кафеава, а земјата е со примеси од песок и лискун. Третиот фрагмент е од мев на керамичен сад со подобра фактура на кој по површината има фин премаз од добро пречистена глина и украсен е со бела боја во вид на межест орнамент. Можно е популацијата која ги користела овие садови за домашна употреба дека побарала спас во ова живеалиште, заштитено со два концентрични, бедемски, земјени насипи, кои функционирале уште од немирните времиња на IX век, како и на XI век.

На просторот на Битола, на левата страна на реката Драгор, во непосредна близина на Исак џамија, во интактен простор[7] констатирана е постара фаза на живеење. Пронајдени се остатоци од под-ниво на недефиниран поголем и веројатно репрезентативен објект. На длабочина од 1,30 м. мерено од површината на теренот, непосредно до подот од малтер, пронајдени се фрагменти и фрагментирани керамички садови изработени во зграфито техника со која се работени садовите кои припаѓаат на луксузната трпезна керамика со локален карактер. Скоро целосно сочувана е паницата со вертикално извлечен венец, со изразито топчесто тело, поставено на прстенеста нога во позиција на конус. Украсена е со зеленикава и светло кафеава глеѓ и плитка каналура од внатрешната страна на телото. Бојата на печењето е кафеавкаста, а глината е со примеси на кварцен песок и лискун.

7 Г. Филиповска Лазаровска, А. Ѓорѓиевска, Локалитетот Исак џамија Шехерезада, Битола, МАА 14, за 1993-1995, Скопје 1996, 231-239.

Вториот сад кој го задржува нашето внимание е длабока паница со косо извлечен венец, со два пати испакнато тело кое нагло се стеснува кон прстенестата нога, во позиција на конус. Садот е украсен со жолто - зеленикава глеѓ, а на некои делови со четка е нанесена кафеава. На дното е плитко врежан орнамент во вид на спирала, каде повеќе е видлива кафеавата глеѓ, добиена со употреба на манганов оксид.

Третиот е фрагментиран горен дел од свеќник кој се состои од тесно шупливо цилиндрично тело со извлечен венец. Во отворот била поставувана свеќа. На грлото од свеќникот е прилепена чаша, која служела за собирање на восокот, а таа била украсена со канелури од надворешнатата страна. Најверојатно свеќникот имал една рачка (видлива е трага од неа). Украсен е со нијансирана зелена глеѓ врз бела енгоба. Свеќникот е грижливо обработен. Бојата на печење е црвенкаста, а глината е со примеси на кварцен песок.

Овие примероци припаѓаат на поскромната монохромна глеѓосана керамика изработена секако под влијание на византиската култура, која била доминантна во нашите краеви. Тогаш почнува масовната употреба на глеѓта врз енгобата како подлога и станале главно средство со кое се постигнувал ефект во декоративност и полухромност. Самата техника води потекло од техниката на гравирањето на метални сладови. Мајсторите не работеле по шаблон, туку по урнек со слободна рака, при што доаѓала до израз нивната креативност, а тоа пак укажува на нивната уникатност.

Зграфито керамиката се појавила и развила во земјите на Блискиот Исток уште во текот на IX век, кога го достигнала своето високо техничко совршенство. Во Византија пак, зграфитото се појавило, развивало и проширило во втората половина на X век и почетокот на XI век. Имала ограничена употреба и е позната под името „рана зграфито керамика“. Обично оваа керамика била достапна за поимашливите слоеви на византиската престолнина и поголемите градови на Империјата. Ис-

тите им служеле како урнек на локалните керамичари кои со своите  производи и изразито провинциски можности ги снабдувале градовите и манастирите. Некои типови ги повторувале одредените стари форми и нивните варијанти, а некои пак под влијание на подоцното турско керамичарство претрпеле измени.

Долго време кај нас и пошироко се мислеше, а некои и сè уште мислат, дека глеѓосаните керамички садови припаѓаат само на епохата на турското владеење. Сè почестите археолошки истражувања во средновековните културни слоеви дадоа богат керамичен материјал од овој тип, што ги наведе научниците на порано временско датирање.

Најубава и најелегантна форма на трпезната керамика која била изработувана и украсувана со посебно внимание имала паницата. Покрај функционалноста, кај нив била истакната и декоративноста, тие служеле и како украс на трпезата. Истите биле украсувани во разни техники од специјално подготвени мајстори - уметници, а не обични занаетчии.

Исклучителен наод претставува паницата украсена со геометриски орнамент спирала. Спиралата е стар византиски мотив. Времето на нејзиното користење во техника доцно зграфито на нашата територија е од крајот на XII или почетокот на XIII век.

Посебно внимание привлекува луксузниот пехар, изработен исто така во зграфито техника, пронајден на десната страна на реката Драгор, на просторот на денешната Стопанска банка - Битола, при копање на стопите за носечката конструкција на објектот. Телото на пехарот е полутопчесто поставено на висока нога со кружно стапало. Венецот е вертикално извлечен нагоре. Садот е украсен со жолта, зелена и кафеава глеѓ. Од внатрешната страна плитко се врежани кругови кои се сечат и формираат розети. Во средишниот круг, на дното на садот, врежан е мотив на крин. Почесто употребуваниот мотив на палмата е вкомпониран во останатите кругови и на венецот од надвореш-

ната страна. Некои површини од внатре се украсени со пунктирање.

Проучувањето на зграфито керамиката ни дава можност да се фрли светлина врз еден важен дел од керамичката дејност кај нас. Врз основа на начинот на изработката и врз основа на бројни аналогии ги датираме во XIII и XIV век.

Неколкуте византиски „чанкасти“ монети откриени при подготвувањето на теренот за изградба на Домот на културата во Битола, засега се скоро единствените археолошки показатели кои се пронајдени на просторот на современата местоположба на Битола.

Затоа пак на 2,5 км јужно од центарот на Битола, на населбинските слоеви на централниот дел на античкиот локалитет Хераклеја, при истражувањето на средишниот комплекс пронајдени се средновековни материјали од кои ја издвојуваме наушницата со хоризонтална гужва, од спирално намотано телче од бронза, чија продукција се врзува, главно, за XII век.[8]

Скромните археолошки наоди досега откриени на споменатите локации, нѐ наведуваат на помислата како да ги поврзиме со сочуваните податоци од историските извори во кои Битола се споменува како град и простор во кој престојувал византискиот цар Маноил I Комнин. Ако е вистина дека тој тука престојувал, каде треба да ги бараме градбите кои Битола ја правеле „велелепен и убав“ град, како што го нарекува во своите записи арапскиот географ Ел Идриси.

Крајниот збор за оваа енигма верувавме дека во иднина ќе го дадат резултатите од ископувањата и проучувањата на археолозите за средниот век.

Досегашните археолошки истражувања на средновековниот период не биле насочени само на просторот на градот Битола, туку и пошироко на просторот на поранешната Општина

8 Е. Манева, Средновековни наушници и обетки од Хераклеја, Зборник на трудови 9, Битола 1988, 39

Битола. Истражувањата се вршени уште на три археолошки локалитети.

Првиот локалитет е во атарот, односно во селото Велушина, на околу 10 км јужно од Битола, во дворното место на црквата „Св. Богородица Пречиста“. Со истражувањата е констатиран само мал дел од некропола на редови. Гробовите не биле одбележани со надземни белези, а скелетите биле ориентирани запад-исток. Покојникот бил полаган, односно лежел на плеќи во чиста земја, а потоа телото го заградувале со помали и поголеми речни камења. Погребувањата се вршени густо, едни до други, така што често конструкцијата на постарите гробови била оштетувана со секое ново погребување. Дали ваквиот начин на погребување се должел на ограничениот простор на некрополата или пак тоа била желбата на покојникот, кој како и во овој живот така и во задгробниот сакал да не биде осамен? Можеби тогашниот човек верувал дека со секое ново погребување во оној живот добивал придружник и сопатник во вечниот живот. Вториот, поновиот начин на погребување во однос на претходниот, на оваа некропола е кога покојникот бил заградуван со камени плочи кои биле поклопувани со голема камена плоча, тоа се т.н. гробови цисти. Пронајдениот накит припаѓа на временски долго употребуван накит и може дури да се рече дека е хронолошки атипичен материјал, кој со својата едноставност и употребен материјал (бакар, бронза, железо и сребро) веројатно дека припаѓал на средно имашливите слоеви. Популацијата која го користела најверојатно била со словенско потекло, затоа што слични примероци (алки наушници, наушница со коленце и др.) се наоѓани во „белобрдските“ некрополи, а исто така видливо е и влијанието на блиската византиска традиција.

Вториот локалитет е на околу 20 км источно од Битола на падините на Мариовскиот масив, во с. Долно Ореово. На доминантно возвишение, од каде многу лесно се контролирал приодот од Пелагонија, лежат урнатини од античка и византиска

утврдена населба. Некрополата на оваа населба била расположена на пониските падини североисточно од неа. Некрополата била на редови, гробовите не биле одбележани со надгробни белези, а скелетите биле ориентирани запад-исток. Покојниците биле полагани во вкопани гробни јами во жива спила, а повеќето биле погребувани во т.н. гробови цисти. Пронајдениот накит, исто така, припаѓал на хронолошки атипичен материјал од кој ја издвојуваме тордираната белезница од впреден четирикратен тел од две свиени двекатни жици со отворени краеви во вид на јамки (клучки) во чија средина штрчат по два краја, а меѓу фугите на овие жици е вметната тенка филигранска жица. Овој вид на белезница е еден од најомилените воедно и најконзервативните типови кои му се припишуваат на словенското население, особено во источниот дел на Балканот, во Србија, Бугарија и Македонија. По една претпоставка вака формираните белезници се еден вид на силно стилизирани змиски форми, односно за други тоа е брановиден мотив симбол на водата, плодноста и одлика на женскиот принцип. Оваа белезница припаѓа на еден од најприфатените типови, а Г. Маријановиќ-Вујовиќ го нагласува периодот на XII век и времето нешто пред и после како време на нивната најголема распространетост и употреба.[9]

На свиокот на Црна Река, во близина на манастирскиот комплекс „Св. Димитрие“, како и во близина на црквичката „Св. Спас“, во атарот на с. Зовиќ, на околу 50 км СИ од Битола, видливи се урнатини на утврдена населба од античкиот и византискиот период. Некрополата на оваа населба е лоцирана на западната страна на соседното полиско возвишение. Гробовите биле наредени во редови, без надземни белези, а скелетите ориентирани запад-исток. Некои гробни јами биле вкопани во жива спила, некои биле назначени со по неколку камења, кај некои биле наредени речни камења околу гробните јами, а некои биле

9 Гордана Маријановиќ, Средњовековни гроб из околине Пожаревца, Старинар XVIII/1967, Београд 1968, 217-219

гробови цисти. Во гробот 12 пронајден е крст реликвијар, единствен наод во истражениот дел на некрополата. Има форма на латински крст, сочуван шарнир и алка за провирање на врвка. Се среќава и под името енколпион или надграден крст затоа што се носел на градите. Изработен е од бронза во техника на лиење и врежување. На предната страна е врежана стоечката претстава на Св. Ѓорѓи во став на молитва со раширени раце. Над главата е врежан натпис „О агиос Георгиос“ во два реда се грчки букви. На задната страна, врежана е стоечка претстава на Св. Јован, исто во став на молитва со раширени раце. Над главата е врежан натпис со грчки букви „Јован“. На ваквите крстови во XII век често биле прикажувани претставите на два светители, наместо вообичаената претстава на Христос и Богородица. Слични крстови во Србија се датираат во XI до XIII век.[10]

Зависно од економската положба на семејствата на кои им припаѓале покојниците, во гробовите се наоѓани или не се наоѓани археолошки предмети. Наодите, главно, биле лична сопственост на поединците и претежно се изнаоѓаат во гробовите на девојките, младите жени, поретко кај децата, а сосема ретко во машките гробови.

Некрополите, главно, биле поставувани во близина на населбите, а според начинот на погребуање се врзуваат за христијанството. По победата над Самоил, кога Византија повторно се враќа на своите поранешни територии на Балканот и влијанието на нејзината култура е осетно, посебно во времето на Комнините, кога се развива со сите карактеристики на византиска провинциска култура.

10 Каталог од изложба „Накит на тлу Србије“ на средњовековних некропола од IX - XV века, Београд 1982, кар. бр. 241.

Gordana FILIPOVSKA LAZAREVSKA

**ARHEOLOGICAL FINDINGS FROM BITOLA AND BITOLA'S AREA IN XII AND XIII CENTURY**

RESUME

Viewing from historical aspect, territory of Bitola and Bitola's area in XII century is in the frames of the Byzantian state. The end of XII and beginning of XIII century is period of weakening and disintegrating Byzanty, and at the same time, some states on Balkan peninsula got their independence, breaking a part from Byzantian State.

Historical sources and writings from XII century see Bitola as town where Byzantian king Manoil I Komnin have stayed, and at the same time as "beautiful and magnificent" town.

Archeological findings are obtained by ransom and sound archeological researches on a town level and wider are very modest, but they lead us on several possible locations where middle aged town Bitola could be find, and those are: Kale Bitola location; location at Isak dzamija and place where is Stopanska bank today; and location of the antic town of Heraklea.

Besides the archeological researches in Bitola and wider, there have been made some researches on the places of ex Bitola community, on the location the church Sv. Bogorodica Prečsta in the vilage Velusina (Велушина), in the yard of the location Kale - village Dolno Oreovo, and at the place Cebren (Чебрен) on the turning of Crna Reka in the attar on village Zovik (Зовиќ).

We can not say that these, so far made researches, have reached serious character of wider rate and have grown in a systematically researches by which will be clear not only the problem of the location of middle aged Bitola, but also development of the inhabitants in the middle century, their customs about life and death, not only at the Slav people but on a wider material culture of different people who have lived on these places.

Аница ЃОРЃИЕВСКА, д-р Божидар МАСЛИНКОВ

## ДВА ИСКЛУЧИТЕЛНИ НУМИЗМАТИЧКИ ЕГЗЕМПЛАРА ОД БИТОЛСКО

Битола е град кој кон иднината гледа со големо искуство. Каде и да се завртиш ќе видиш дел од минатото, дел од некогашните култури сето она што успеало да им се спротистави на времињата. Археолошките наоди покажуваат еден воашувачки степен на континуитет на живеење од зората на културата, па сè до денес.

Но ниту една епоха од далечното минато не е до таа мера релевантна за македонската историја како што е периодот на византиското владеење.[1] Всушност, со воспоставувањето на византиската власт таа тука ќе најде поволен терен за развој и за наметнување на својата култура. Тоа единствено успева кај горд народ, господар на развиена култура.

На ова место нема да зборуваме за историските прилики во овој крај.[2] Само би напомenale дека Битола имала големо воено и стратешко значење. Тука во текот на XI и XII век повеќе пати лично престојувале византиски цареви подготвувајќи ги оттука своите походи.[3] Не веруваме дека некаде постои друг

1 Иван Ѓуриќ, Самракот на Византија, Скопје, 1997,5,6.

2 Коста Аџиевски, Пелагонија во средниот век (од доаѓањето на Словените до паѓањето под турска власт), Скопје 1994, 89-160

3 Византиски извори III, Скопје, 1966.

народ кој толку често ги менувал господарите, особено во бурниот XII и XIII век, како што тоа се правело во овој крај.[4]

Со своите бронзени, сребрени и златни монети византиските владетели ја објавувале својата власт. Всушност, монетоковањето претставува знак на вредност, а секако производ на стопанската благосостојба. Важно е да нагласиме дека нумизматиката на средновековието претставува многу важен дел во научниот и културниот сегмент на битолскиот крај. Бројноста на монетите од XI и XII век во нашиов крај е далеку поимпресивна во однос на претходните векови (VII-X век) кои претставуваат своевиден научен хијатус. Во однос на бројката на застапеност на овие монети битолскиот крај предничи пред другите краеви.[5]



Најголемото богатство скриено во пазувите на земјата најчесто е пронаоѓано случајно како поединечни, или групни остави и тоа со концентрација покрај егнацискиот пат; Кај селото Живојно се откопани три депоа со монети од XII век, кај селото Рамна во 1957 год. се ископаа околу 10.000 трахеи. Монети од XII век се пронајдени на повеќе места на градското подрачје.

4 Битола била честа мета на разни освојувачи: Нормани, Византијци, Бугари, Епирци, Никејци, Срби.

5 Вујадин Иванишевиќ, Јован Кондијанов, Наоди на византиски фолеси од крајот на X и XI век во Македонија, Македонски нумизматички гласник, Скопје, 1994, 89.

На местото при градењето на Домот на културата, кај Саат кулата, во Бадем Балари каде е откриено грне со 60 трахеи, кај Новата болница во 1970 г. се пронајдени 1.257 трахеи.[6]

На ова место посебно важно е да нагласиме дека трахеите се многу ценети во времето на владеењето на династијата Комнини. Тие, всушност, претставуваат бронзени скифати кои содржат неколку проценти сребро во себе.

Кон погоренаведената евиденција само ќе ги прибележиме и овие златни монети, тема на нашето излагање кои претставуваат навистина два исклучителни нумизматички егземплара од средновековието на Битолскиот крај.[7]

Едната датира од крајот на XI век, попрецизно од времето на Михајло VII (1071-1078 г.) На аверсот (предната страна) е претставено попрсје на Михајло VII, облечен во лорос. На реверсот (задната страна) и покрај тоа што е многу оштетен може да се насети претстава на попрсје на Христос. Монетата е искована во Константинопол и претставува хистаменон-номизма-електрум.

Попатно, на ова место можеби би требало да кажеме дека монетите од електрум (два дела злато, три сребро) за прв пат се појавиле во времето на владеењето на Лав VIII (717-741 г), а во чанкаста форма за време на владеењето на Михајло VII со тежина од 4,28 гр.

Веќе во времето на владеењето на Алексиј I Комнин се напушта стариот монетарен систем и во 1092 година е извршена реформа со која вовел комплетно нова серија на чанкаста форма како што е златниот хиперпирон. Всушност, целиот век за време на владеењето на династијата Комнини (1081-1143 г.) е одбележан со внатрешна политичка стабилност, стопански напредок и благосостојба.

---

6 Аница Ѓорѓиевска, Археолошкото наследство можност за „трговија“ со јавниот интерес, MNC ICOM: MUSEOLOGICA MACEDONICA (во печат).

7 Идентификацијата на монетите ја извршил Јован Кондијанов од Музеј на Македонија-Скопје, а стручната обработка - авторите на трудот.

Еден таков хиперпирон е и нашиот втор примерок златна монета. Датира од времето на Јован II Комнин (1118-1143) и е случаен наод покрај брегот на реката Црна, Кај селото Старавина. На аверсот (предната страна) се претставени Јован II Комнин и Богородица која го крунисува. Царот е облечен во дивиситион со круна на главата. Во десната рака држи лабарум, а во левата акакија. На реверсот (задната страна) е претставен Христос кој седи на престол, лево и десно се неговите иницијали. Монетата е кована во Константинопол.

И кај двата примероци видливи се религиозните претстави симболи и натписи, кои, всушност, од своја страна го афирмираат христијанството.

Факт е дека со монетите од овој крај апсолутно и дефинитивно се потврдуваат одредени сознанија од историските извори.

Амбицијата на ова излагање е, всушност, да се сврти целокупното научно внимание кон битолскиот крај, кон овој навистина моќен културен хоризонт, чие средновековно опстојување, покрај историските извори и материјалните остатоци, уште поконкретно го оцртуваат монетите. Впрочем, монетите како гласници на своето време ни праќаат пораки од минатото на нашите предци.

На прашањето каде, кога, како настанал градот Битола не ќе мора да разговараме со преданијата. Историјата на овој крај не е легенда, туку истражување, обид да се одговори на определени прашања што ги засегаат делата и настаните. Од далечното минато на убавиот, прекрасен и пријатен град, како што ќе го опише арабјанскиот писател Ел Идризи во своето дело „Географија“ во XII век, ни остана само името.

Двете златни монети се земени само како поттик, а средновековната мистерија за овој крај ние сите заедно ќе мора да ја одгатнеме, сите заедно ќе мора да го пронајдеме патот на минатото, минато што нѐ храни со влагата на животот и ни дозволува да го запалиме светлото на денешниот ден.

Anica GORGIEVSKA, Bozidar MASLINKOV

## TWO EXCEPTIONALLY NUMISMATIC EXAMPLES FROM BITOLA

RESUME

Numismatics of middle century is very important part in scientific and cultural segment of Bitola's region.

Two gold coins, which are theme of this presentation, present really two exceptionally numismatic examples from middle century of Bitola's region.

The one is dated at the end of XI century, at Mihajlo VII period (1071-1078) and presents histamenon-numizmatic-electrum. The other is from Jovan II Komnin period (1118-1143) and is hyperpiron.

The ambition of this elaboration has turned all scientific attention toward Bitola's region, toward this really powerful cultural horizon, which middle century survival besides historical sources and material remainders, give more concrete and exact picture of the coins.

Д-р Кочо СИДОВСКИ

# БИТОЛА ВО ВРЕМЕТО НА КРСТОНОСНИТЕ ВОЈНИ

Во почетокот на осумдесеттите години на XI век Византиското царство морало да се соочи со голема опасност што доаѓала од запад. Норманите од Јужна Италија директно ги нападнале византиските поседи на Балканот. Норманите се истовариле на албанскиот брег. Војската на новиот византиски цар Алексиј I Комнин (1081-1118) на 18 октомври 1081 год. кај Драч била катастрофално поразена. По неколку месеци, во почетокот на 1082 год. (8.II), во рацете на Норманите конечно паднал и Драч. По освојувањетон на Драч, патот кон внатрешноста на Балканскиот Полуостров бил отворен. Започнало освојувањето на Македонија, Епир, Тесалија од страна на Норманите.[1]

Освојувањето на Македонија од страна на Норманите започнало, најверојатно, во почетокот на есента 1082 година, а во почетокот на пролетта 1083 година најголем дел од Македонија, западно од Вардар, веќе ја признал власта на норманските освојувачи. Од нападот на Норманите на Византиското царство во голема мера била погодена и Пелагонија. Имено, низ нејзините јужни предели минувала главната магистрала од Драч за Солун (Виа Егнација) по која се движеле западните освојувачи. Меѓутоа, Битола, која веројатно спаѓала меѓу подо-

1 Коста Аџиевски, Пелагонија во средниот век, Скопје 1994, 75-76.

бро утврдените градови, не била освоена во првиот налет на Норманите. Норманите ја освоиле Пелагонија (Битола) во пролетта на 1083 година.[2]

Освојувањето на Пелагонија имало големо значење за Норманите и тоа не само во стратегиски поглед, туку уште повеќе поради зацврстување на нивната власт во овој дел на Македонија. Од изворите не може точно да се одреди колку време траела норманската власт во Пелагонија. Меѓутоа, по развојот на настаните во византиско-норманската војна норманската власт во Пелагонија е ликвидирана најверојатно кон крајот на 1083 или во почетокот на 1084 година.[3]

Друг значаен настан којшто ја тангирал Пелагонија е Првата крстоносна војна. Поголем дел од западноевропските рицари на патот кон Блискиот Исток ја користеле трасата на познатиот пат Виа Егнација, најкратката копнена комуникација од Западна Европа кон Левантот. Трасата на овој пат, од Драч кон Солун и Цариград, во најголем дел минувала низ Македонија а во еден дел и низ Пелагонија. Минувањето на крстоносците низ Пелагонија го регистрираат западноевропските писатели, меѓу кои посебно треба да се споменат Рајмунд од Анжил, Фулхер од Шартр и Петар Тудебод, кои биле директни учесници во походот и лично поминале низ Пелагонија. Треба да го споменеме, исто така, и Вилем Тирски, најпознатиот западноевропски историчар на Првата крстоносна војна кој пишувал нешто подоцна (втората половина на XII век), но кој исто така лично престојувал во Пелагонија и во Битола. Според податоците коишто можат да се дознаат од западните извори, би можело да се каже дека кон крајот на XI век низ Пелагонија поминале најистакнатите западноевропски крупни феудалци какви што биле: грофот Рајмунд Тулуски, херцогот Роберт Нормандиски, грофот Стефан од Блуа и Шартр, грофот Роберт II Фландриски, Хуго Вермунда и др.

2 Ibid. 78.

3 Ibid.,80.

Низ Пелагонија поминале две големи крстоносни војски и тоа: 1. Крстоносците од Јужна, а делумно и од Средна Франција под водство на грофот Рајмунд Тулуски, и 2. Крстоносците од Северна Франција што ги предводеле херцогот Роберт Нормандиски и грофот Стефан од Блуа и Шартр. Покрај тоа, постои голема веројатност дека низ Пелагониската рамнина по Виа Егнација поминале уште две крстоносни војски под водство на Хуго Вермандуа и грофот Роберт Фландриски, но за тоа, сепак, не можат да се најдат конкретни податоци во историските извори.[4]

Низ Пелагонија прва поминала војската на грофот Рајмунд IV Тулуски. Оваа најбројна крстоносна војска, што се движела од Јужна и Средна Франција кон исток по копнен пат, и преку Северна Италија и Далмација, зимата 1097 година пристигнала во Драч, а оттаму по Виа Егнација се упатила кон Цариград.

Малку време по минувањето на крстоносците од Јужна Франција низ Пелагонија поминала Втората голема крстоносна војска. Тоа биле крстоносците од Северна Франција што ги предводеле херцогот Роберт Нормандиски, син на англискиот крал Вилем Освојувачот и неговиот зет од сестра грофот Стефан од Блуа и Шартр. Тие со војската ја минале зимата во Јужна Италија а пролетта 1097 година на бродови се префрлиле од Драч и по Виа Егнација продолжиле кон Цариград. Патот на крстоносците од Драч до Цариград, пределите и градовите низ кои поминале ги опишува историчарот Фулхер од Шартр, директен учесник во походот. Меѓу градовите низ кои поминале крстоносците на споменатиот Фулхер од Шартр го споменува и градот Botella. Не постои сомнение, вели Коста Аџиевски, дека се работи за градот Битола, главен центар на Пелагонија во овој период, што западниот писател го наведува со неговото словенско име.[5]

4 Id., 81-82.

5 I.,83.

За патот на крстоносците во Македонија, а посредно за тоа и за Битола, зборува монахот на манастирот „Св. Ремигија", Роберт, кој живеел во втората половина на XI век. Во описот на патот на крстоносците низ Македонија, изнесува, прво, дека стигнале во Костур, а оттаму во Пелагонија, во која имало некаква тврдина на еретиците. На неа крстоносците нагрвалиле од сите страни со разни видови оружје, па ја зазеле, ги ограбиле сите богатства и потоа, заедно со нејзините жители, ја запалиле.[6]

Споменатиот хроничар дури сметал дека со тоа не им е сторена неправда на овие, зашто од нив се ширело одвратно предание и болести и дури нивната погрешна наука влијаела врз околните предели и тие исти краишта имале намера од вистинската вера на тие предели да ги привлечат кон оваа нивна одвратна вера.[7]

Францускиот свештеник Петар Тудебод, учесник во I крстоносна војна, кога пишува за истата работа, тој изнесува дека крстоносците со кнезот Танкред стигнале од Костур во Пелагонија, каде што бил некој утврден град на еретиците, кој бил изграден кај езерото.[8] Него од секаде го нападнале крстоносците и го потчинале на своја власт, и потоа го запалиле заедно со неговите жители, т.е. група еретици.[9]

Бискупот Балдрик (1046-1130) исто така раскажува за походот на крстоносците под водството на Боемунд Тарентски кои стигнале во Костур, а потоа се сместиле со своите шатори во Пелагонија, каде што им било соопштено дека таму се наоѓа силно утврдено и богато место на еретиците.

6 Стјепан Антолјак, Средновековна Македонија, том I. Скопје 1985,775.

7 Ibidem,776.

8 Ваквата маршрута на крстоносците на Боемунд Терентски, речиси, без резерва е прифатена во литературата. Меѓутоа, изгледа дека крстоносците од Јужна Италија, сепак, не поминале низ Пелагонија. Споменатата маршрута на крстоносците од Јужна Италија е неприфатлива, главно од две причини и тоа: (1) Поради познатиот факт дека во Пелагонија нема езеро и (2) Поради тоа што таа, всушност, би значела сосема непотребно и необјасниво отстапување на крстоносците од природниот пат што води од Костур преку Воден кон Солун и Цариград.

9 Стјепан Антолјак, op. cit.,776

Кога го нападнале од сите страни, го запалиле со неговите еретички жители и сѐ срамниле со земјата, зашто еднакво ги сметале намразени сите патници, Евреи, еретици и Сарацени и сите овие ги сметале непријатели на Бога. Штом, значи, до темел го разурнале тој утврден град, уништувајќи ги сите негови жители, ги собрале шаторите и стигнале до реката Вардар.[10]

Францускиот, пак, опат Гиберт (р. 1053 г.), прикажувајќи го патувањето на Танкред со крстоносците, што стигнале од Костур во Пелагонија, каде што наишле на некое утврдено место на еретиците, исто така говори дека го нападнале од сите страни и го потчинале, а потоа заедно со жителите го запалиле.[11]

Еден анонимен учесник, пак, во оваа крстоносна војна исто така изнесува дека крстоносците од Костур влегле во Пелагонија, во која имало некој град на еретици кој од сите страни го нападнале, го потчиниле и заедно со неговите жители го запалиле.[12]

И, конечно, прочуениот Вилхелм Тирски (о. 1127-о. 1190), опишувајќи ја I крстоносна војна, раскажува дека во1096 година Боемунд Тарентски, син на Роберт Гискард, го минал Јадранското Море и преку Драч со кнезот Танкред и Норманите стигнал до Костур. Потоа Норманите оттука го продолжиле својот пат и стигнале во многу плодниот предел наречен Пелагонија (Вилхелм Тирски ја нарекува Пелагонија "pagum" и "provincia" во која го става градот "civitas" кој се вика "Butella".), кој издавачите на овој извод го изедначуваат со денешниот град „Битола“[13] каде што се залогориле. Кога, пак, дознале дека во близина има тврдина, населена само со еретици, со сета брзина тргнале таму и тврдината насила ја зазеле, некои од жителите

10 Ibidem, 777-778.

11 Ibid., 778

12 Id., 778-779

13 Willelmi Tyrensis archiepiscopi Historia rerum in partibus transmarinis gestarum, Латински извори за българската история III, БАН, София 1965, 196 и бел 1.

убиле, а некои ги запалиле и голем плен и богата воена опрема оттука однесле.[14]

По доаѓањето на крстоносните водачи во Константинопол, византискиот цар Алексиј I Комнин побарал од нив да му дадат заклетва на верност. На тој начин крстоноците се обврзале дека на византискиот цар ќе му ја предадат сета освоена земја која порано му припаѓала на Византиското царство. Царот од своја страна се обврзал дека и понатаму ќе ги снабдува крстоносците со храна и други намирници, како и со оружје, а истовремено им ветил дека ќе им се придружи со војска во Светата војна. Сите водачи на крстоносците, освен грофот Рајмунд Тулуски, ја дале бараната заклетва.[15] По почетната соработка на Византијците и крстоносците во натамошниот тек на настаните тие меѓусебно ќе завојуваат.

Во 1107 година норманскиот кнез Боемунд стигнал пред градот Драч. Во пролетта 1108 година византискиот цар Алексиј I Комнин со цел да го отстрани притисокот на Норманите врз Драч тој, поминувајќи преку Пелагонија, стигнал во добро утврдениот Девол. Каноникот Алберт од Ахен, во своето дело посветено на Првиот крстоносен поход, каде пишува, меѓу другото, и за походот на норманскиот кнез Боемунд Тарентски на Балканот во 1107-1108 година, не споменува за престој на византискиот цар во Девол, туку тој соопштува дека царот со неброена војска се улогорил кај Битола. На 2 септември 1108 година во царскиот логор во Девол бил потпишан текстот на таканаречениот Деволски договор. Договорот значел целосна победа на Византија над Норманите, со што скоро за цел еден век била отстранета норманската опасност за Византија.[16]

Експанзионистичката политика на норманските кралеви кон византиските владенија на Балканскиот Полуостров пов-

14 Стјепан Антолјак, op. cit., 779-780.

15 Милан Бошкоски, Македонија во XI и XII век (Надворешни упади на територијата на Македонија). Скопје 1997, 98-99.

16 Ibidem, 110.

торно дошла до израз во средината на XII век. Користејќи ја зафатеноста на византискиот цар Манојло I Комнин (1143-1180) на Исток, со крстоносците од Вториот крстоносен поход, норманскиот крал на Сицилија Рожер, презел поход против Византија. Во летото 1147 година норманите го освоиле островот Крф и градовите Коринт и Теба. Две години подоцна, Византијците успеале да ги истераат и да го повратат Крф. Норманско-византиските судири потраеле скоро една деценија.[17]

За време на владеењето на последниот од Комнините, Андроник I Комнин (1183-1185), за Балканскиот Полуостров повторно се појавила сериозната опасност од воинствените сицилијански Нормани. Силна норманска флота, во јуни 1185 год., се истоварила пред Драч зедно со пешадија. На 24 јуни градот паднал во рацете на Норманите. Паѓањето на Драч предизвикало голема вознемиреност во западните византиски области. Патот кон Македонија и вториот по големина град на царството - Солун сега им бил отворен на Норманите. Додека копнената војска во Драч го продолжила напредувањето по Виа Егнација кон Солун, дотогаш големата норманска флота се свртила кон југ, крај епирското крајбрежје, го заобиколила полуостровот Пелопонез, а потоа свртела на север и се упатила кон Солун. [18]

Копнената војска на Норманите, која била под команда на Ричард од Анкира и Балдуин, не наидувајќи на поголем отпор, движејќи се по магистралниот пат Виа Егнација, поминала преку Македонија, а веќе на 6 август, според соопштението од византиски извори, стигнала пред Солун. Движејќи се кон Солун, Норманите го користеле магистралниот пат Виа Егнација при што поминале низ повеќе градови на Македонија кои се наоѓале на нивниот пат. По сè изгледа, Норманите успеале да ги освојат и македонските градови кои се наоѓале на споменатиот магистрален пат како што се: Охрид, Битола, Острово, Во-

17 Ibid., 112-113.

18 Id.,115

ден и други помали тврдини. Меѓутоа, треба да се спомене дека Битола како и другите градови во изворите поименично не се спомнати дека биле освоени, но имајќи го предвид фактот дека Норманите, поминувајќи по магистралниот пат Виа Егнација, настојувале да обезбедат сигурна заднина, сосема е логично да се претпостави дека ја освоиле Битола и другите градови кои се наоѓале на нивниот пат до Солун. Немаме податоци за односот на жителите на Битола кон Норманите. Евстатиј Солунски соопштува дека на Норманите од Драч до Солун никој не им го попречил патот, што би значело дека не нишле не никаков отпор од жителите. Никита Хонијат византиски историчар соопштува дека Норманите без борба со извесни услови ги освоиле сите области кои лежеле помеѓу тие две точки, т.е. помнеѓу Драч и Солун [19] Од овие факти може да се претпостави дека под извесни услови норманската власт била призната, главно таму каде што освојувачите поминувале, што ќе рече - во потесното подрачје на магистралниот пат Виа Егнација, меѓу градовите Драч и Солун. Имајќи го предвид фактот дека норманската војска, што се движела по копно од Драч кон Солун, пристигнала на целта за шест недели, наведува на мислење дека може да се прифатат одредени претпоставки дека Норманите во Македонија, сепак, наишле на некој отпор. Не можат да се дадат претпоставки од каков карактер и обем бил отпорот но може да се претпостави дека веројатно велможите, крупните феудалци или можеби некои управници во градови низ кои поминувале Норманите, се согласиле да ја признаат норманската власт и не дале отпор, но затоа пак за себе издејствувале некои повластици. Бавното движење на Норманите од Драч до Солун се објаснува и со фактот дека норманската војска била голема, се движела бавно а попатно морало да се воспоставува и новата власт. Исто така, веројатно имало и попатни грабежи на градовите, а соопштението на Хонијат дека власта на Норманите од Драч до

19 I.,116.

Солун била воспоставена под извесни услови може да се толкува и како настојување на македонските велможи Норманите да поминат по Виа Егнација за да не пљачкаат. Разбирливо е дека на Норманите им била потребна сигурна заднина. Некои автори, како на пр. Шаландон, Златарски, Успенски и Тончев, го застапуваат мислењето дека помеѓу градовите Драч и Солун, Норманите не наишле на никаков отпор. Последниот автор Тончев, Италијанските Нормани во текот на XII век дури смета дека жителите помеѓу овие два града не само што не им дале отпор на Норманите, туку доброволно им пристапиле. Но се смета дека ова мислење било претерано.

Меѓутоа, по блескавата византиска победа на Норманите кај Димитрица, византиските сили успеале брзо да ги истиснат Норманите не само од Сер, Мосинопол, Амфипол и Солун, туку и од другите освоени македонски градови по должината на Виа Егнација. Непријателствата помеѓу двете завојувани страни, траеле сè до октомври 1187 година, кога бил склучен мир.[20]

По норманскиот упад во Македонија во 1185 година под власта на Норманите паднале сите македонски градови, по должината на магистралниот пат Виа Егнација како што се: Охрид, Пелагонија, Воден, Солун, Сер, Мосинипол, Амфипол и други помали градови кои во изворите не се споменати. Населението по градовите и другите помали населби било изложено на невиден масакр и жестоко пљачкање какви што се случувале во Солун, во околината на Сер, долината на Струма, Мосинопол, Амфипол и на други градови и области. Во науката постојат мислења дека под влијание на Норманите значително ослабела византиската власт не само во Македонија, туку и на целиот Балкан. Секако, на тоа значително влијаеле и политичко економските прилики во Царството, особено слабеењето на централната власт и јакнењето на крупните феудалци.

20 I.,127. За ова види: Г. Острогорски, Историја Византије, Београд 1959, 375.

Македонија во XII век, како составен дел на Византиското царство, во потполност се вклопила во византискиот феудален систем. Процесот на дезинтеграција на византиското општество, доделувањето на пронии и давање на привилегии на феудалната аристократија, како и преминувањето на некои надлежности од доменот на централната власт во надлежност на феудалната аристократија во втората половина на XII век, морале да имаат свој одраз и на положбата на Македонија како составен дел на царството.

По заминувањето на Норманите од Македонија во 1185 година и од другите делови на Балканскиот Полуостров некоја година подоцна, Византија повторно ја воспоставила својата власт на територијата која краткотрајно ја запоседнале Норманите.

D-r Koco SIDOVSKI

## BITOLA IN A PERIOD OF CRUSADE WARS

RESUME

At the end of XI and whole XII century Macedonia was affected by events connected with entrance of Normans and Crusaders. All these events reperkulate toward the position of Pelagonia (Bitola). Normans conquest Pelagonia (Bitola) in the spring  in 1083. The conquest of Pelagonia had a big stategical meaning for Normans. Other important event that affected Pelagonia is First Crusade War. Crusaders occupy Bitola in 1096. Sicilian Normans has appeared again in the Balkan in 1185, and their land-army occupy couple towns by the road Via Ignatia among which was town Bitola.

Ѓорѓи ДИМОВСКИ - ЦОЛЕВ

## ИМЕНУВАЊЕТО НА БИТОЛА

Во средновековието градот Битола се споменува во врска со походот на византискиот цар Василиј II, кој, откако дознал за смртта на цар Самоил, веднаш од Монисопол се спуштил во Солун, а оттаму, како што пишува Јован Скилица, тргнал за „...Пелагонија не правејќи по патот никакво пустошење, освен што ги спалил дворците на Гаврил (Радомир)...“ - „τὰ ἒν Βουτελίῳ...“[1] Видливо е дека градот не е именуван изворно народно - славјански, туку во византиско - грчка форма.

Споменатиот запис се однесува на 1014 година, есента, и од кој дознаваме дека во Битола (Βουτελίῳ) постоеле царски дворци. Во врска со наведениот натпис постојат контраверзни мислења. Така, хрватскиот историчар Фрањо Рачки смета дека синот на Самоил, Гаврил Радомир, по смртта на татко си ја одбрал Битола за своја резиденција, поради нејзиното воено-стратешко значење.[2] Наспроти Рачки, бугарскиот историчар Златарски смета дека Битола „...како мошне важен град... ќе да

1 Византиски извори за историју народа Југославије, том III Београд, 1966 стр. 112; Блаже Конески, Името на градот Битола, Годишен зборник на Фил. факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 23, Скопје, стр. 442; Йордан Заимов, Битолски натпис на Иван Владислав самодръжец български, София, 1970, стр.88; Стјепан Антолјак, Самоиловата држава, Скопје, 1969, стр.93.

2 Franjo Rački, Borba Južnih Slavena za državnu neodvisnost u XI vijeku, Beograd, 1931, str.55-56.

му бил доверен на Гаврил Радомир од татко му и се наоѓал под негова управа и заштита, како и другите бољари - војводи. ...Кога станал цар, Радомир претпочитал да остане да живее во својот град-тврдина... без да ја пренесува престолнината од Охрид...“[3] Ваквото размислување се потврдува и засилува со соопштението на Јован Ставраки кога вели: „...Гаврил Радомир, дури бил татков совладар, управувајќи во областите од Северна Грција“.[4] За постоењето на царски дворци во Битола како една од резиденциите на царот се сложуваат повеќето историчари, зашто такви имале и во Преспа, Прилеп, Сетина, Охрид,[5] со што „...престолнината практично била таму каде тие се наоѓале“.[6] Меѓутоа, и Самоил и неговите наследници предимство им давале на Преспа и Охрид.

Неспорните царски дворци во Битола не се опишани во изворниот материјал, но секако тие биле раскошни, убави, богато украсени и накитени а на гозбите веројатно се служело со златни и сребрени садови, за што сведочат наодите на царот Василиј II во Сетина и Охрид.[7]

Вториот податок за именување на градот потекнува од периодот на владеењето на царот Јоан Владислав 1017 година, односно од спомен плочата поставена на влезната врата во битолската тврдина. На неа градот е именуван и запишан со славјанско кирилско писмо изворно - народно ГРАДЬ СЬ БЫТОЛЬ. Од овој средновековен споменик дознавме дека битолската тврдина претставувала „...твръдо оубѣжїще и на спасение ї на жизнь блъгаромъ...“[8]

3 Д-р В.Н.Златарски, История на българската държава прѣзъ срѣднитѣ вѣ кове, томъ I, часть 2, София, 1927, стр.745, т.1.

4 Византиски извори...том III, стр.47, т.14.

5 Franjo Rački, цит.дело,стр.53-68; Ст.Антолјак, Средновековна Македонија том први, Скопје, 1985, стр.506,656.

6 Византиски извори...т.III, стр.128,т.166.

7 Ст.Антолјак, цит. дело, стр.506

8 Владимир Мошин, Битољска плоча из 1017 године, Макед.јазик, XVII, Скопје, 1966,стр.4.

Од наредните податоци забележуваме дека во Битола постоела епископија со свои имоти. Така, по завладувањето со Самоиловото царство, Василиј II издал повелби во кои се наведуваат на кој епископ колку крепосни селани му припаѓаат. Во повелбата од 1019 година стои: „...епископот на Битола да има во Пелагонија, Прилеп, Дебреште и Велес 15 клирици и 15 парици“ (...τὸν ἐ̓πισκοπον Βουτέλιωs).[9]

Во овој период, крајот на XI и во XII век, на подрачјето од Битола и пошироко следуваат нови настани, т.е. започнуваат навлегувањата на крстоносците. Овие феудалци од Западна Европа на неколку пати минале низ нашиве краишта, па некои од нив оставиле и писмени записи за нивните посети и впечатоци. Тука, Фулхер од Шартр (1096-1099) градот Битола го именува Bottela,[10] додека хроничарот на крстоносците Вилхем Тирски (1168) го именува Buttella.[11] Истиов период, XII век арапскиот географ и патеписец Ел Идриси Абу Абдулах Мухамед, патувајќи од Драч до Солун, забележал: „од Ахрида до Бутили на исток има два дена пат. Бутили е убав великолепен и пријатен град“.[12]

Забележително е дека сите извори го запишале името на градот онака како тие го слушнале, односно го прилагодиле на нивното писмо но не изворно како што стои на битолската плоча. Кај сите нив е забележливо дека гласот ы различно го запишале, додека наставката кај сите е слична односно Βουτέλιω, Bottela, Butella, Butili.

Ваквото именување на Битола, несоодветно со името на битолската плоча, го навело Драган Ташковски да се посомнева во оригиналноста на плочата и да смета дека би можела да биде

9 Йорданъ Ивановъ, Български старини изъ Македония, София, 1931, стр. 552. Повелбите на Василиј II Ст. Антољак ги смета за фалсификати. За тоа поопширно види: Ст. Антољак, цит, дело, стр. 688-90.

10 Коста Аџиевски, Пелагонија во средниот век, Скопје, 1994, стр. 83.

11 Византиски извори... том IV, Београд, 1971, стр. 128, т. 57.

12 Б. Недков, България и съседните и земи през XII век според Географията на Идриси, София, 1960, стр. 39.

„...вешто подметнат фалсификат од страна на бугарските пропагатори во Македонија... низ последните децении на XIX и првата половина на XX век,[13] зашто, како тој заклучува - сè до крајот на XII век Битола била означена со имињата Ботела, Бутела, Ботели ...а не и Битола како што стои во натписот на плочата“.[14] Ваквото гледиште не го споделуваат повеќето учени чиј предмет било проучување на плочата, како академикот Владимир Мошин, Јордан и Василка Заимови, Блаже Конески, Вера Стојчева - Антиќ и др. Инаку, претпоставката на Ташковски воопшто не е на здрава почва, зашто ако сите не го именувале градот како што е запишан на плочата, поточно употребувале друг вокал, наместо славјанскиот глас ы, тоа е и разбирливо - тие сите биле туѓинци во чиј јазик не постоел ист глас па приближно го запишале како што го слушнале. Исто така и самиот глас дава повод тој да се запише нешто поинаку. Имено, Блаже Конески, разгледувајќи го старославјанскиот вокал тврдо И (ЪІ), констатира дека тој се меша во јазичниот процес со Ы, односно И. Во југозападните говори тој процес бил во тек за да во XIII век процесот заврши со преминување на Ы во И. Според Конески „...Грците го восприемале овој славјански глас како У што значи дека и во славјанскиот говор тој содржел нијанса на У...“[15] Следствено, логично е да претпоставиме дека Скилица, В. Тирски, Идризи вокалот Ы, забележан во името на Битола на плочата го слушнале и како У додека Фулхер од Шартр како О. Така, претпоставката на Ташковски за некаков фалсификат за нас не е валидна. Што се однесува до претпос-

13 Драган Ташковски, Прилог кон таканаречениот Битолски натпис на Јован Владислав, Развиток, бр. 6, Битола, 1980, стр. 513, т. 21.

14 Ibidem, стр. 512; по однос на оригиналноста на плочата се произнесе и академикот Димче Коцо, со мислење дека истата настанала во XIII век, додека Ст. Антолјак констатира дека иако Мошин се обидел да ја утврди нејзината автетичност од филолошко-пелеографска страна, сепак „...овој извор заслужува да се подложи на уште построг научен критериум од палеографско-дипломатско-филолошка страна, зашто постојат извесни сомневања во нејзината оригиналност“. Ст. Антолјак, цит. дело, стр. 285.

15 Блаже Конески, Историја на македонскиот јазик, Скопје, 1967, стр. 39-40.

тавката на Д. Коцо, во врска со оригиналноста на плочата и укажувањето на Стјепан Антолјак за нејзино поопстојно проучување не спаѓаат во доменот на нашата тема, односно именувањето на градот Битола.

Наведените именувања на Битола не се далеку од неговото оригинално име запишано на битолската плоча. Проблем ќе се јави со уште едно негово именување кое се употребувало во продолжение на повеќе векови. Тоа е името Пелагонија. Дека ова име се однесува на Битола може да се проследи низ повеќе средновековни изворни текстови, меѓутоа, неопходно е претходно да направиме мала ретроспектива во историјата на ова подрачје, како би дошле до сознанието дека името Пелагонија се однесува на Битола.

Во античкиот период постоел град со име Пелагонија, кој сè уште не е откриен и за кого постојат претпоставки дека би можел да се убицира.[16] Овој град за последен пат се споменува во V век по што му се губи трага.[17] Според Ф. Папазоглу градот настрадал од готските напади во крајот на V век или нешто

16 Убикацијата на античка Пелагонија, секој според своите импресии од теренот или свои сознанија ја презентираат различно. Првобитно Ф. Папазоглу ја лоцира во долниот тек на Еригон (Црна Река) во Мариово, но во меѓувреме се определува за пределот на Прилепец; Т. Томоски ја лоцира во месноста Градиште на левиот брег на Црна Река, пред нејзиниот влез во клисурата (с. Суводол); Т. Јанакиевски се определува за локалитетот Рупка кај с. Црничани но допушта дека и месноста Прилепец е можна варијанта како што се на мислење, И. Микулчиќ, Лилчиќ, Битракова-Грозданова (Томе Јанакиевски, Прилог кон прашањето за убикацијата на градот Пелагонија во античкиот период, ракопис даден во печат, Битола, 1997.)

17 Фанула Папазоглу, претпоставува дека градот настрадал од готските напади во крајот на V век или нешто подоцна - (Ф. Папазоглу, Хераклеја и Пелагонија, Жива антика, IV/2, Скопје, 1954, стр. 340); Т. Томоски има спротивно гледиште. Имено, тој смета дека античкиот град Пелагонија продолжува да постои и во средниот век, кој како клисурски град немал услови да се развие во трговско-занаетчиска населба и веројатно исчезнал кон крајот на XIV век.) Според тоа, „...малку е веројатно Битола да се викала и Пелагонија...“ (Т. Томоски, Градиштето на средновековна Пелагонија, Жива антика, XVII, Скопје, 1967, стр. 246; 243). Сепак, нешто подоцна Томоски допушта дека може да се изведе заклучок дека „...Пелагонија е втор назив за Битола“ (Т. Томоски, Butella civitas Pelagoniae, историја, XVI/2, Скопје, 1980, стр. 20).

подоцна. Покрај градот и областа од средниот и северен дел на битолско-прилепската котлина во антиката се именувала Пелагонија. Исто така, во античкиот период во областа Линку се развил градот Хераклеа со назнака Линкестис. Во доцната антика името Пелагонија се проширило и на крајот од Линките, т.е. од денешна Битола до Лерин. Така, според актите од Софискиот и Цариградскиот црковни собири (347 и 553 година) недвосмислено зборуваат дека „...Хераклеа од провинцијата Macedonia Prima е исто што и Heraclea Linci, исто што и Heraclea Pelagoniae; дека тоа е еден град чие основно име е Heraclea, а "Pelagonia" исто како Lynci служи само како нејзино поблиско определување“.[18]

Хераклеа на Линките, односно Пелагониска пропаднала во VI век, така што сега името Пелагонија, освен на областа, се пренесува и на градот Битола кое именување во средниот век многу се употребува особено во црквените работи. Така и за хроничарот Кинам било чудно „...зошто Ромеите сега, поведувајќи се на некој начин на изразување (Хераклеа б.н.) ја именуваат Пелагонија“.[19]

Во изворниот материјал често под името Пелагонија се подразбира областа но и името на градот Битола. Дека во областа постои град со такво име хроничарот на крстоносците Вилхем Тирски во 1168 година забележал  дека, движејќи се кон Блискиот Исток, минале низ Пелагонија, наведувајќи ја разликата меѓу областа и градот со следниов запис: "...in provincia Pelagonia in civitate quae vulgo dicitur Butella",[20]при што мошне јасно укажал дека градот е именуван од народот, односно со јазикот на простиот народ. Меѓутоа, не секогаш како Тирски децидно е означено името на областа и на градот. Тоа од содржината мошне добро се насетува. Така, на пример, во изворниот запис кога императорот дошол во Мосинопол „...таму пристигнале и пра-

18 Фанула Папазоглу, цит. дело, стр. 340.

19 Византиски извори... том IV, стр. 49.

20 Византиски извори...том IV, стр.128, т.57.

теници на населението од Пелагонија, Моровизд и Липениј, кои на царот му ги предавале градовите...“ јасно се насетува дека се зборува за градови.[21] Слично е и во записот „По тоа време Боемунд успеал да завладее со Пелагонија“ или „Пелагонија, Охрид и Прилеп преминале под власта на епирскиот деспот“ како и „...се предале на Никејците и Преспа, Пелагонија, Соск, Молско“, и слични наводи кои Златарски насекаде ја означува Пелагонија со Битола.[22]

Вака употребенето име за Битола присутно е и кај Ана Комнина, Скилица, Кинам, Никита Хонијат, Георги Акрополит,[23] најчесто во врска со заземањето на градот од страна на Нормани, Епирци, Никејци но и со неговото воено стратешко значење. Во таквата насока византискиот владетел Мануел I Комнин често престојувал во Пелагонија, користејќи го подрачјето и за воен полигон, но и за полесно набљудување и дејствување против своите непријатели на запад Норманите а на север Унгарците и Србите. Така, во периодот од дваесетина години, односно од 1149-1168 година, царот Мануел во Пелагонија престојувал седум пати.[24] Од сите престои одвојуваме два како поинтересни. Во едниот, хроничарот Кинам ни го претставува како царот излегол ноќе во лов „...и како телесно бил мошне силен, тој излегувал и против мечки и се борел против диви свињи, напаѓајќи, главно, пеш со копје“.[25] Вториот престој е поврзан со повикувањето на царевиот братучед Андроник Комнин, дукс на Ниш, Браничево (Костур и Белград ??) да дојде во Пелагонија како би бил под директна царева присмотра, зашто

21 Византиски извори... том III, стр. 124; Златарски кај зборот Пелагонија под забелешка ставил: Обласнато име Πελαγονία тука е уптребено на место град Βουτέλιον, зашто тука се зборува за градови а не за области“. (Златарски, цит. книга, стр. 775).

22 Златарски во индексот на имиња, покрај Пелагонија, кога се однесува на град, ставил Битола (Златарски, цит. книга, том III, София, 1940,)

23 Според Т. Томоски, Градиштето...стр.243)

24 Коста Аџиевски, цит. книга стр. 111

25 Византиски извори... том IV, стр. 49

Андроник бил вероломен и соработувал со царевите непријатели. Споменатиот Андроник „...прочуен со своите авантури, храброст и љубов кон жените и преправања, една од најзабележителните личности во византиската историја...“[26] уште додека бил во Цариград имал љубовни врски со Евдокија Комнина, ќерка на царевиот брат, односно со негова братучетка. Таквата врска на дворот предизвикала скандал, па времено Андроник Комнин бил остранет од Цариград. Кога стигнал во Пелагонија „...каде тогаш бил дворот...“[27] и во кој се наоѓала и Евдокија, Андроник ги продолжил своите љубовни врски велејќи дека „...љубовта на Евдокија е доволна награда за сите опасности на кои тој се изложувал“.[28] Дрскоска на Андроник стигнала дотаму што на два пати се обидел да го убие и царот. Поради сите околности Андроник Комнин бил фатен, под силна стража спроведен во Цариград каде окован со синџири бил затворен во една од кулите на големата царска палата, каде одлежал девет години.[29]

Престојувањата на царот и негови високи достоинственици во Пелагонија, односно Битола не биле исклучок. Како седиште на епископ во градот престојувале високи свештени лици, заседавале комисии по верски прашања дури и самиот Охридски архиепископ Теофилакт, за кое дознаваме од неговите писма упатени до царскиот зет Вриениј. Во писмата Теофилакт се жали на државниот даночник и неговите помагачи кои биле причина тој да се засолне од Охрид во Пелагонија, скршен од болест.[30] Исто така и во писмото до царскиот лекар и поет Каликло се жали кога пишува: „Мене ме протера од Охридската земја крвник кој ја оневозможува благосостојбата на луѓето и кој ги собира плодовите на нивната несреќа, а кога дозна дека побегнав во Пелагонија, бара и таа земја да не ја газам“.[31] Во сите

26 Д-р Константинъ, История на Българитѣ, София, 1929. стр. 171.

27 Шарл Дил, Византиске слике, друга књига, Београд, 1929, стр. 118.

28 Ibidem

29 Ibid. стр. 120; Поопширно за Андроник Комнин види Шарл Дил, цит. книга стр. 111-148.

30 Византиски извори... том. III, стр. 275.

31 Византиски извори... том III, стр. 283-4.

свои писма Теофилакт за градот секогаш го употребува името Пелагонија а за епархијата и епископот пелагониска, односно пелагониски.[32]

Именувањето на Битола со името Пелагонија за цело време од средновековието го сметаме дека дошло преку црквената администрација и традиција, која за свое време била доминантна за целокупниот општествен живот. Сепак славјанското име на градот не исчезнало, туку се сочувало на секаде во славјанските записки. Така, врз 128-от лист од Болоњскиот псалтир, напишан во XIII век во село Рамне - Охридско, со славјанско псимо стои следниов текст: **Сиѧ книгꙑ коупихь сѧ ѿ҃ъ граматика Тодора ѿ҃дъ Равьнеи и дахь азь еромонахъ Даниль грѣшьны попадииы си обедн е позлащены и двѣ перьперѣ града вь Бытоли**[33] Меѓутоа, иако псалтирот потекнува од XIII век, споменатиот запис каде е именуван градот Битола онака како на плочата со Ы не ни е познато од кое време е тој. Инаку, постои едно шаренило во запишувањето на името на Битола, во наредните векови во разните славјански текстови. Така, на пример, на една фреска во Сливнишкиот манастир (1599 год.) е запишан без Ы но на крајот со Ь.[34]. Во истиот манастир постои друг запис за Битола но овој пат и без Ы и без Ь на крајот.[35]. Во Слепченскиот кодик (XVI-XVIII век) Битола е забележана на неколку пати различно: Битола, Ботолѩ, Битолѣ[36] а во Зографскиот кодик од истото време забележан е како Бытолıа,[37] додека во кодикот на манастирот Трескавец (XVII-XIX век) исклучиво градот е именува во неговата денешна форма, т.е. Битола.[38]

---

32 Византиски извори... III, стр. 354.

33 Йорданъ Ивановъ, цит. дело, стр. 51-2 ; Михајло Георгиевски, Македонското книжевно наследство од XI до XVIII век, Скопје, 1979, стр. 37-8.

34 Кај Ј. Иванов забележано е ВНТОЛЬ додека на самата фреска јасно се гледа дека се работи за буквата Б а не В - види: Историја на македонскиот народ, кн. I, Скопје, 1969, илустрација меѓу стр. 312 и 313.

35 И. Йвановъ, цит. дело, стр. 61 ; Ст.Romански ги дава и двата записи но наведувајќи други извори (Ст. Романски, Имѣната на нѣкои македонски градове, Македонски прегледъ, V/4, София, стр. 63-70)

36 Селищев, Македонские кодики XVI -XVIII веков, София, 1933, стр. 144.

37 Й. Ивановъ, цит. дело, стр. 507.

38 Селищев, цит. дело, стр. 144.

Од овој период, како што било вообичаено митрополитите се именувале со наставка како што се именувала епархијата, меѓутоа, битолскиот митрополит на два пати 1529 и 1532 своерачно се потпишал не пелагониски туку битолски - „ Азъ Митрофан Битолски потписахъ“ и „Митрофанъ Битолскїи“.[39]

Интересно е дека и на антиминсот на митрополитот Павле од 1616, пишуван на грчки јазик, името на градот е забележано ПНТОЛН̅, односно Битоли.[40]

По завладувањето на Битола од Османлиите за него ќе биде употребувано ново име односно МАНАСТИР, MONASTERIO, Μοναστὴρι, Толи Монастир. Ова именување веројатно е сврзано со некој познат манастир од тоа време на овие простори.[41] Така, Турците, прифаќајќи го ова наименување преку нивната државна администрација (дефтери, сицили и др.) продрело и во Европа, па во сите географски карти издадени во периодот XVI- XIX век Битола е именувана MONESTIER, MONESTIR' TOLY OU MONASTER' TOLY AL MONASTIER но има и комбинации како PETOLIA OU MONASTIR. Во XIX век неговото изворно име само или во комбинација сè повеќе се наоѓа на географските мапи. Така, имаме BITOLIA, БИТОЛЬ, MONASTIR' BITOLAS, BITOLJA, додека нашиот истакнат македонист Димитрија Чуповски го бележи како што се изговорува од населението БИТОЛЬА.[42]

Во времето на српската окупација официјално Битола бил именуван и пишуван БИТОЉ, а за време на бугарската БИТОЛЯ, иако населението го изговарало БИТОЛА со меко Л. Денес Битола се пишува и изговара без меко Л, туку онака како што се пишува, БИТОЛА.

39 Й. Ивановъ, цит. дело, стр. 572-3.

40 Рад. М. Грујић, Антиминс битољског митрополита Павла из 1616 године, Гл. СНД, XIII, Скопље, 1934, стр. 209-210.

41 Конески смета дека името Манастир се јавило пред турското освојување на Битола Блаже Конески, Името на Битола... стр. 446.

42 Македонија на стари мапи, подготвил Илија Петрушевски, Скопје, 1992, стр. 46, 57, 64-69, 83.

Georgi DIMOVSKI-COLEV

## NAMEING OF BITOLA

RESUME

In the issued-book "Naming of Bitola", the author based on a material authentic, follows deferent naming of the town-such as Βουτελίῳ (Byzantine sources) Botella, Butella (west European sources) Butill (Arabian sources) Πελαγωνία (Byzantine and west European sources) and БЫТОЛЬ - named by the native people. For all naming from XII and XIII century, the author gives explanations why is the town named so.

Д-р Александар СТЕРЈОВСКИ

## НАРОДНИ ПРЕДАНИЈА ЗА ИМЕТО „МАНАСТИР"

Едно од неколкуте имиња на нашиот град што ги добил во текот на долговековното постоење е Манастир, односно Монастир. Турците и денес го именуваат како Манастир, додека, пак, на грчките географски карти е Монастир.

Кога го доби и зошто го доби ова име?

Макар што има тврдење дека градот Битола со името Манастир можеме да го сретнеме и пред османското освојување,[1] затврдено, такаречи и општо е уверувањето дека токму Турците се оние кои го преименуваат градот. Бидејќи, пак, османското освојување на градот се случи во далечната 1382/83 год. значи дека и новото име потекнува од крајот на XIV век. Сепак, и какви да се тврдењата, новото име во пишаните документи се јавува дури од 1435 год. и тоа во едно вакафнаме напишано на арапски јазик и со арапско писмо. Таму го среќаваме во формата **„мадинати Манашдир"** (градот Манастир).[2]

Ова преименување од страна на Османлиите, инаку, не била посебна појава, зашто тоа се правело со повеќето населени места каде што османското население се стационирало за траен

1 Блаже Конески, **Името на градот Битола,** Годишен зборник на Филозофскиот факултет на Универзитетот во Скопје, кн. 23, Скопје, 446

2 Dr Hasan Kaleši, Najstariji vakufski dokumneti i Jugoslaviji na arapskom jeziku, Priština, 1972, 80.

престој. Во зависност со диктатите на турскиот јазик многу населени места одеднаш добиваат прилагодена форма, па така, наместо Струмица, среќаваме турски назив Уструмѓа, наместо Охрид - Охри, наместо Скопје - Усќуп, наместо Штип - Иштип, наместо Прилеп - Пирлепе итн. Меѓутоа, некои македонски градови добија сосема нови имиња. Тетово е наречено Калканделен, Велес - К‘ пр‘ли, а Битола-Манастир.

Ако мостот на Вардар влијаел врз формирањето на второто, турското име на градот Велес, тогаш што влијаело, каков објект врз формирањето на второто име на Битола?

Одговор на тоа прашање во документацијата немаме, одговорот, меѓутоа, сепак постои - во народните преданија.

Има десетина народни преданија што се занимаваат со проблемот на второто име. За жал и тие не се единствени, дури и си противречат понекогаш. За едни името е добиено според манастир што се наоѓал во непосредна близина на градот, за втори заради црквите во самиот град, а за трети името е добиено по некој доминантен и велелепен манастир во градот.

Да ги разгледаме поединечно.

Во 1845 год. Македонија и Битола ги посетил рускиот славист Виктор Иванович Григорович, доцент на Казанскиот универзитет. Оставил значајни податоци за Битола и Македонија. Го забележал и преданието за името. Запишал: **„Близу до Битола некогаш се наоѓале голем број манастири. По нив градот го носи називот (Битољ потекнува од обител)“** [3] Јохан Хан (1858) за името Манастир, пак вели: **„Манастирот, кому овој град му благодари на своето име, е стариот манастир од Буково, којшто се наоѓа еден час јужно од градот, на западниот раб од базенот. На неговиот празник населението од базенот и од неговото соседство доаѓа во него“ [4]итн.**

---

3 **Македонија во делата на странските патописци** 1827-1849, Подготвил Александар Матковски, Мисла, Скопје, 1992, 571

4 Исто, 1850-1864, 294

Наспроти нив, една поголема група преданија говорат за постоење бројни цркви и манастири во самиот град и благодарејќи на нив, тврдат тие, градот го добил новото име.

Јордан Хаџи Константинов Џинот во 1855 год. испратил дописка до „Цариградски весник" и во неа го забележал и ова: **„Окрест Манастир имало 365 церви, за това го назвале Манастир или Буково, а в старо време го звале Пелагон. Денеска сuштествуе само един манастир"**.[5] И Мехмед Тевфик, првиот историчар на Битола, инаку мајор и директор на Военото училиште каде што некогаш се школувал Ататурк, го потврдува исто, напоменувајќи дека само на десниот брег на реката Драгор имало дури 41 црква, додека од левиот-29 и дека за секоја од нив работела по една воденица, обезбедувајќи им ја егзистенцијата. Според нив, продолжува тој, градот го добил името Манастир.[6]

К. Шапкарев, пак, името го објаснува вака: **„Турците градот го наречуваат Манастир, соодветно на бугарскиот назив: Битолја-обител. Велат дека на неговата денешна местоположба во старо време имало манастири, од кои си го добил и денешното име, а тогаш градот бил понаисток, расположен на неколку могили до Буковската планина, кои се гледаат и денес и дека носел друго име"**.[7]

М. Цепенков, пак, тврди дека во Битола имало 72 цркви и дека заради нив била наречена **„Света Гора македонска"**. Сите, продолжува тој, имале трагична судбина, при доаѓањето на Османлиите биле преобразени во џамии.[8]

---

5 Јордан Хаџи Константинов-Џинот, **Избрани страници**, Приредил Блаже Конески, Мисла, Скопје, 1987, 61.

6 Мехмед Тевфик, **Кратка историја Битољског вилајета**, Браство, XXVII, Београд, 1933, 203.

7 Кузман А. Шапкаров, **Записи**, Приредил д-р Томислав Тодоровски, Институт за фолклор „Марко Цепенков" - Скопје, Скопје, 1990, 175.

8 Марко К. Цепенков, **Македонско народно творештво**, книга седма, **Преданија**, Редактирал д-р Кирил Пенушлиски, Македонска книга, Скопје, 1972, 223

Не заради цркви и манастири, ами заради еден и единствен, голем и значаен, кој бил лоциран во самиот град, според најголемиот број преданија, градот го добил името Манастир.

Најстаро предание кое го истакнува тоа е она на Евлија Челебија. Во 60-тите години од XVII век овој познат и многу ценет патописец четири пати го посетил градот, оставајќи, притоа, многу значајни податоци. Ги наброил и ги опишал позначајните институции и објекти, проговорил и за битолчани, за нивната етнопсихологија и обичаи. Го забележал и преданието што го чул од месните жители за името и тврди: **„Овде, велат, во времето на Александар Македонски бил еден голем храм и заради тоа самото место е наречено Манастир“**.[9]

Турците секогаш кога сакале да му дадат вредност на архаичност и посебно значење на нештата постојано ги поврзувале со Александар Македонски, особено, пак, ако тие потекнувале од татковината на големиот војсководец, Македонија. Така е направено и со Битолскиот манастир во овој случај.

За ваков манастир говорат и многумина други, меѓу другите и Едмунд Спенсер (1830), Петар Безсонов (1850), Мехмед Тевфик, М. Цепенков и др.

Спенсер во својот итенерар, забележал: **„Во периодот на турските наезди Битола беше просперитетен град, познат по огромниот број цркви и по најголемиот манастир во Македонија. Овие зданија беа наполно уништени од страна на разбеснетите Турци, како одмазда за долготрајната одбрана од страна на населението, кое, под водството на своите свештеници, ги беше адаптирало манастирите и црквите во тврдини. Загубата на прекрасната библиотека од ракописи, напишани од најстарите високодостојници на христијанската црква, на што манастирот беше со право толку многу горд, е потребно многу да се истражува; сепак со оглед на тоа што освојувачот Мехмед II беше голем заштитник на литературата, според мислење на многумина, тој наредил**

9 **Македонија во делата на странските патописци** . . . 1371-1777 . . . . 424.

**да бидат однесени во Константинопол, каде што сè уште се чуваат меѓу архивите на турската империја**.[10]

На Русинот Петар Безсонов му е познато не само што во Битола имало голем и прочуен манастир, ами тој го знае и неговото име. Според него истиот му бил посветен на заштитникот на Битола, на Св. Никола. Од тој манастир, продолжува тој, излегувале огромен број гуслари, заради кои Битола на Балканот била позната како **„класичен крај“** на народните пејачи.[11]

Спомнатиот мајор Мехмед Тевфик, поаѓајќи од едно друго, слично предание, ни го пренесува ова: **„Според едно друго предание,** вели тој, **ова име** (Манастир) **го доби по една голема црква која се наоѓала над Битола, кај сегашниот мост наречен Кара Кјупрли** (Црн Мост) **од десната страна негова, на местото каде сега се подигнати конаците на големиот Риза-бег и во која можело за време празник да се соберат сите жители од селата на Битолското Поле“**.[12]

Покрај бројни цркви, за огромен манастир во самата Битола, говори и преданието што го забележал М. Цепенков. Во него стои: **„Откоа беше го презеле калето Турците, беа го расипале ерлен берабер; како калето, така и црквите и целио град го изурнале откоа го плениле и си го усвојале. Сега им останало уште еден манастир да го превземат; тој манастир бил сегашната џамија што ет во Битола кај Овчи пазар. Таа џамија била манастир со храмо свети Ѓорѓија. Во тој манастир имало четиристотини калуѓери. Тој бил со голем и дебел ѕид заграден, цело кале било. Освен ѕидот што бил јак, имало и една честа гора, од дрвја пораснати, едно од друго како ‘рж во некоја нива што е порасната, толку честа била горана, што чоек не можел колај-колај да го најди каде е манастирот. Пред манастирот течел али Драгор, али реката што иди од с. Магарево кај Кривата Воденица. За да влегуат чоек во манастирот, имало само еден пат**

10 Исто, 1850-1864.... 30

11 П. Безсоновъ, **Калѣки перехожіе,** Москва, въıп, п. III, 581.

12 Мехмед Тевфик, цит. дело, 203.

**тесен помеѓу коријата што била околу манастирот. Откако останал тој манастир уште да се земат од Турците, сопрво не го знаел каде е манастирот, чунки опколисан бил од дрвјата:.**[13]

Така, без оглед како го објаснуваат преданијата настанувањето на името Манастир, дали се повикуваат на цркви и манастири надвор или внатре во градот, сите, до едно се согласуваат дека основата треба да се бара во постоењето христијанска богомола. Некои, притоа, очекувано, пројавиле историско непаметење и во нив има слободна интерпретација на добиениот материјал. Битно е, меѓутоа, што најстарото, она што потекнува два века и нешто по османското освојување на градот, преданието на Евлија Челебија, изрично тврди дека генезата на настанувањето на името треба да се бара во манастир, голем и прочуен во градот. Ваквите преданија, впрочем, се и најбројни, и, се чини, и најблиску до вистината.

Па ако така се определиме и ја прифатиме тезата за еден манастир и тоа манастир што се наоѓал не надвор, ами внатре во Битола, сосема очекувано е да се постави прашањето: каде се наоѓал и од кој период потекнувал?

Преданијата посочуваат две локации: една кај Црн Мост и другата кај поранешниот Овчји, односно Дрвен Пазар (под училиштето „Тодор Ангелевски“).

Минатата година на оваа јавна трибина претпоставував дека основното јадро, зародишот на градот Битола би требало да се бара кај месноста Крива Воденица. Ако бевме во право, тогаш преданието на Мехмед Тевфик, кое вели дека манастирот се наоѓал од десната страна на Црн Мост, онаму каде што денес се наоѓа обележјето на жртвите на бугарскиот фашистички затвор и нешто пошироко, можеби е најверодостојно.

И обете преданија се согласуваат дека манастирот се наоѓал во близина на вода, кое би требало да е изворен податок,

---

13 Марко К. Цепенков, цит, дело, 220.

зашто познато е дека манастирите, по правило, се граделе и се градат покрај течна или изворна вода и бујата шума.

Сега, од кој период потекнувал тој?

Секако, на тоа прашање е многу тешко да се одговори потпирајќи се исклучиво врз преданијата. На арапскиот патеписец Идриси од XII век, кој ја посетил Битола не му го привлекло вниманието никакво грамадно и велелепно здание-манастир. За Битола употребил кратка формула опишувајќи го дека **„е убав, великолепен и пријатен град“**. [14] Значи ли дека во XII век не постоел?!

Од друга страна, Битола се наоѓала во непосредна близина на Охрид, центарот на словенската писменост, и веројатно преданието на Спенсер има историски сеќавања во тој однос за Битола како втор центар. Ако е така, тогаш било нормално да се очекува и суштествување на скрипторска школа и манастир каде што таа била организирана. Тоа значи дека настанувањето на манастирот би требало да е од поранешен датум.

И на крајот, дали огромната црква „Собир на сите светители“ што треба доправа да се гради, а која по димензиите и велелепноста треба да ги надмине сите досегашни слични градби во Македонија не извира ли од колективната битолска потсвест за манастирот што се вгнездил во второто име на градот?!

---

14 Б. Недаков, **България и съседните и земи през XII век според Географията на Идриси,** София, 1960, 39.

D-r Aleksandar STERJOVSKI

## NATIONAL LEGEND FOR THE NAME "MONESTERY"

RESUME

In the apsance of documents about constructing the second name of our town, Monastery, national legends give data. They are from 3 kinds. First ones explain that this name has come from famous monastery close by Bitola (Bukovsko), second ones use the argument for numerous Churches that were in the town, and the third ones, the numerous ones, claim that for the name is merit a big and literature developed monastery. There are two possible locations for this monastery the one is on the upper part of the town, at the Black Bridge (from the right side), and the other one is on the lower part, at the place today known as Hajder Kadi Dzamija. By the legends, destiny of the monastery was the same as the destiny of the numerous churches in Bitola- it was ruined by the conquering Otoman army.

# ДИСКУСИЈА

Роберт МИХАЈЛОВСКИ

## ХЕРАКЛЕЈСКИОТ МОЛИВДОВУЛ НА МИХАИЛ САРОНИТ

Еден оловен печат беше случаен наод во лозјата западно од Хераклеја Линкестис, во близината на рекичката Сива Вода и големиот рид кој сѐ уште доминира над околината и е во состав на воениот гарнизон. Добро сочуван овој моливдовул тежи 16,37 грама и е со дијаметар од 27,5 мм.

На аверсот од печатот е претставена фигурата на Архангел Михаил со раширени крилја, како Ангел на пустината, облечен во војничка туника. Во десната рака држи скиптар, а глобус круцигер во левата рака. Архангел Михаил бил заштитник на благородничката фамилија Саронити (Таронити) која е од ерменско потекло.

На реверсот од печатот е натписот испишан во шест реда, со уставно писмо во грчка редакција: ГОСПОДЕ ПОМОГНИ МУ НА МАГИСТЕРОТ ИДУКСОТ НА ЦЕЛИОТ ЗАПАД САРОНИТ.

Моливдовулот потекнува од втората половина на 11. век, поточно од 1072-1073 год. кога беше дигнато востанието на Георги Војтех, а за цар и водач беше прогласен зетскиот принц Бодин. Против нив беше испратен дуксот Никифор Карантин, а подоцна и дуксот Дамјан Даласин, но обајцата беа неуспешни во задушувањето на востанието. Поради тоа беше испратен но-

воназначениот катепан на темата Бугарија, вестиархот Михаил Саронит, кој со војска се упати кон Скопје. Од тој период сочуван е уште еден оловен печат со Архангел Михаил на аверсот и натписот на реверсот кој гласи: Господи помогни му на Михаил Вестијархот и катепанот на Бугарија Саронит. Веднаш потоа Саронит бил унапреден во повисок ранг дукс на целиот Запад. Тој се упатил кон Скопје, но притоа користејќи ја хераклејската база како стратегиска точка и Пелагонија која била подоцна важен воен логор на Мануил Комнен. Веројатно од овој период потекнува печатот, додека пергаментниот дел е изгубен.

Михаил Саронит успеал да го заземе Скопје и се упатил кон север каде ги поразил дефинитивно востаниците кај местото Теонион (денес Паун, во близината на Косовско Поле). Тој ги заробил водачите: Георги Војтех и Бодин, испракајќи ги оковани во Константинопол. Војтех им подлегнал на мачењата, додека Бодин успеал подоцна да се врати во Зета каде бил крунисан во 1081 год.

Хроничарот Скилица насочува дека по успешниот поход на Саронит, бил испратен дуксот Никифор Вриениј да го смири населението. Неговата војска составена од платеници - Франки и Алемани, се упатила кон Преспа каде ја ограбиле царската катедрала „Св. Ахил“ на истоимениот остров.

Постоењето на печатот од Хераклеја докажува за значењето на ова место во 11. век. како и подоцна кога бил воен логор и ловиште на императорот Мануил Комнен I од 1149 до 1155 година, каде и било посетено од Вилијам Тирски.

** ** **

Печатот е пронајден од Марјан Малбашиќ, а врз неговата обработка се започна уште во 1986 година, за да биде обработен во коавторство меѓу м-р Л. Мандик и Роберт Михајловски.

Литература:

1. M-r Ljiljana Mandić and Robert Mihajlovski: Byzantine seal from Heraclea, Vicinity of Bitola, XI-the Congres International de Numismatiqve, Bruxelles 1991, 24
2. Златарски В.Н.: История на Българската държава презъ Срѣанитѣ Вѣкове, Том II, София 1934 140-149.